# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ТЕТОВО 2023 – 2027

Декември, 2022

Изработил: СЕГ Холдинг ДООЕЛ

# Содржина


*ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ* ...... *3*
*КРАТЕНКИ* ...... *3*

**I. ВОВЕД ...... 4**

**II. МЕТОДОЛОГИЈА НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ...... 7**

**III. ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ И ОПКРУЖУВАЊЕ ВО ОПШТИНАТА ТЕТОВО ...... 9**

Локација и демографија ...... 9
Деловни субјекти и (не) вработеност ...... 10
Патна инфраструктура и извршени градежни работи ...... 13
Образование и градинки ...... 14
Економија и бруто додадена вредност во Полошкиот регион ...... 17
Јавен превоз ...... 18

**IV. АНАЛИЗА НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ДВИГАТЕЛИТЕ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ...... 20**

Наоди и препораки од анкетата со општинските советници ...... 20
Наоди и препораки од анкетата со општинската администрација ...... 23
Наоди и препораки од анкетата со претставници од бизнис заедницата ...... 24
Наоди и препораки од анкетата со претставници од граѓанскиот сектор ...... 27

**V. СВОТ АНАЛИЗА ...... 30**

**VI. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ТЕТОВО 36**

*Визија на општината* ...... *36*
*Мисија на Општината* ...... *36*
*Стратегиски приоритети и стратегиски цели* ...... *36*

**VII. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ...... 38**

**VIII. АКЦИСКИ ПЛАН ...... 40**

Стратешка цел 1. Унапредување на просторно планирање, инфраструктура, заштита на животната средина и природата и прилагодување кон климатските промени ...... 40
Стратешка цел 2. Унапредување на економскиот развој, туризмот и земјоделието ...... 45
Стратешка цел 3. Поддршка и развој на образованието, културата и спортот ...... 47
Стратешка цел 4. Унапредување на социјалниот развој и инклузија на ранливи категории ...... 49
Стратешка цел 5. Паметни и иновативни решенија ...... 50
*Прилог 1: Прашалник за советниците во општина Тетово за потребите на развој на Стратешкиот план за локален економски развој за периодот 2023-2027* ...... *52*
*Прилог 2: Прашалник за деловниот сектор во општина Тетово за потребите на развој на Стратешкиот план за локален економски развој за периодот 2023-2027* ...... *54*
*Прилог 3: Прашалник за граѓанските организации во општина Тетово за потребите на развој на Стратешкиот план за локален економски развој за периодот 2023-2027* ...... *56*
*Прилог 4: Прашалник за вработените во општина Тетово за потребите во развојот на Стратешкиот план за економски развој 2023-2027 година* ...... *58*

## ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ


- Табела 1 Вкупно попишани, вкупно резидентно население и вкупно нерезидентно население, според етничката припадност и пол - Попис 2021
- Табела 2 Активни деловни субјекти по големина, состојба 31 декември
- Табела 3 Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, состојба 31 декември
- Табела 4 Невработени лица со состојба на 31.10.2021/20/19 година
- Табела 5 Невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.10.2021 година
- Табела 6 Невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.10.2020 година
- Табела 7 Невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.10.2019 година
- Табела 8 Локална патна мрежа, по години
- Табела 9 Извршени градежни работи според видовите објекти, во илјади денари
- Табела 10 Основни училишта
- Табела 11 Ученици во редовни основни училишта според припадност кон етничка заедница
- Табела 12 Средни училишта
- Табела 13 Редовни средни училишта, ученици и наставници
- Табела 14 Дипломирани студенти според степенот на студии
- Табела 15. Број на деца во градинките, капацитетот и објектите во школската година 2022-2023
- Табела 16. Бруто додадена вредност, по сектори на дејност, НКД Рев.2, по региони, по години, во милиони денари (по ЕСС 2010)
- Табела 17. Структура на бруто додадена вредност, по сектори на дејност, НКД Рев.2, Полошки регион, по години, во милиони денари (по ЕСС 2010)
- Табела 18. Јавен превоз, автобуски линии, должина на линиите и просечен број на киломери на дневна основа во километри
- Графикон 1. Број на корисници на јавниот превоз на месечна основа за 2022 година
- Графикон 2. Предизвици во општина Тетово според општинските советници
- Графикон 3. Предизвици во работење на деловните субјекти во општина Тетово
- Графикон 4. Предизвици со кој се соочува граѓанскиот сектор и воопшто граѓаните во општина Тетово


## КРАТЕНКИ

- ЛЕР - Локален економски развој
- ДЗС - Државен завод за статистика
- АВРСМ - Агенција за вработување на Република Северна Македонија –
- ЕЛС - Единица на локална самоуправа
- АФПЗРР -Агенција за финансиска поддршка и руралниот развој
- ГОи – граѓански организации
- ЛЕР – Локален економски развој

# I. Вовед

Процесот на планирање на локалниот економски развој ги следеше постулатите на сеопфатно стратегиско планирање за развојот на општината. Фокусот на ова стратешко планирање беше локалниот економски развој (ЛЕР) и во тој контекст се анализираа сите развојни фактори, внатрешни капацитети и предуслови со цел реалистично планирање за развојот во општината во следните години. Стратешкото планирање е важно за економскиот развој на една општина, пред сé поради одредување во која насока ќе се движи општината во текот на следните години. Исто така, стратешкото планирање е важно како интегрален и интрегративен процес на донесување на одлуки за распределување на ресурсите со коишто располага општината, заедно со сите засегнати страни. Меѓутоа за да може да се одреди процесот или насоката на дејствување на општината, неопходно е да се согледа и разбере **моменталната ситуација** во која се наоѓа, како и можните чекори коишто може да се преземат при спроведувањето на Стратешкиот план. Планирањето претставува значаен стратешки потег за економскиот развој на општината со кој ќе се унапреди и целокупниот живот на жителите. Изработката на Стратешкиот план за ЛЕР претставува процес кој е прилагоден на потребите на општината. Секоја национална економија и секоја општина се интегрирани и не можат да се анализираат одвоено, но Општина Тетово има и свои специфики кои беа земени во предвид во целиот процес на изработка на стратешкиот план за локален економски развој.

Стратешкиот план за локален економски развој на општина Тетово 2023 – 2027 ќе придонесе кон јакнење на локалната економија, намалување на сиромаштијата, и промовирање на социјалната вклученост на младите и жените. Предвидените цели и мерки имаат за цел да обезбедат соодветна поддршка за ранливите групи и подобро препознавање на нивните специфични потреби. Во рамките на стратешките цели вклучени се и голем број хоризонтални теми и предизвици како што се: родовата рамноправност, младите и владеењето на правото. Кон дефинирање на целите и мерките беа земени предвид и политиките и принципите кои се врамени во Целите за одржлив развој на Обединетите нации[1] како и Зелениот договор на ЕУ[2].

За целите на изработка на Стратешкиот план за локален економски развој на општина Тетово 2023 – 2027 се спроведе сеопфатна анализа на достапната литература и документи поврзани со темата на локалниот и економски развој, вклучувајќи и преглед на тековни и претходни плански документи. Исто така, беа користени и базите на податоци во релевантните институции за општина Тетово но и друга релевантна документација. Анализата на постоечки документи, развојни стратегии и планови на национално и локално ниво овозможува подобар преглед на состојбите и потребите од аспект на локалната власт. Исто така, анализата обезбеди подобро планирање на надлежностите и функцијата на релевантните институции и тела, како и можности за подобрување и ефикасно

[1] THE 17 GOALS | Sustainable Development (un.org)
[2] A European Green Deal (europa.eu)

спроведување на програмите за локален и економски развој, развивање соодветни јавни политики и мерки.

Документацијата беше разгледана и анализирана со цел да се обезбедат повеќе податоци и информации кои ќе одговорат на неколку клучни прашања, како што се:

- Дали и какви документи и мерки за локален економски развој се во насока и функција на локален економски развој на ниво на општината?
- Дали се предвидени соодветни мерки за развој на меѓу-секторска соработка помеѓу институциите и организациите на локално ниво (вклучително и во општинските служби)?
- Дали и во кој обем се спроведени активности за промовирање на локален економски развој на општината и дали информациите за поврзани мерки и активности се достапни за јавноста (преку медиумите, веб-страниците, брошури итн.)?
- Кои се потенцијалите и можностите за локалниот економски развој на општина Тетово и кои се клучните области на интервенција?

Документацијата за овој преглед беше обезбедена преку јавно достапни извори и канали, од прирачници, истражувачки извештаи и слични документи достапни во електронска или печатена форма, како и преку интернет страниците на клучните институции на национално и локално ниво.

Во рамките на аналитичката фаза, со помош на алатки за анализа на засегнатите страни, се мапираа сите засегнати страни согласно нивната улога во локалниот економскиот развој. Информациите искористени во аналитичката фаза во подготовката на Стратешкиот план понатаму се искористија во фазата на планирање за ревидирање на визијата и мисијата на општината, за поставување на стратешки приоритети и цели, како и за дефинирање мерки и активности за реализација. Процесот на стратешко планирање се одвиваше главно во соработка помеѓу надворешниот тим на СЕГ Холдинг и вработените во одделението за Локален економски развој во Општината.

Со цел креирање на една солидна основа за изработката на Стратешкиот план спроведени се вкупно 37 интервјуа со разни чинители и клучни информирани лица, претставници на локалната власт (општинска администрација, јавните комунални претпријатија и Советот на општината), како и претставници на граѓанскиот сектор и бизнис заедницата кои се основани или активно ги извршуваат нивните дејности на територијата на општина Тетово. Субјектите или учесниците на овие интервјуа беа идентификувани и вклучени земајќи го предвид нивниот профил и области на делување, со цел да се овозможи што е можно повеќе целни групи или претставници од различни сектори и нивоа да бидат вклучени и да имаат можност да дадат свои проценки и идеи за релевантните прашања и теми.

Така, спроведени се вкупно 14 интервјуа со општински советници и претставници на општинската администрација – раководители на различни сектори и претпријатија основани од страна на општината, 18 интервјуа со претставници на приватниот сектор, кој се смета и за најголем носител на пазарната економија во државата, потоа 5 интервјуа со претставници на граѓанскиот сектор кои се основани или спроведуваат активности во територијата на општина Тетово. Исто така, дел од интервјуата беа спроведени со други клучни лица или локални активисти во заедницата на ниво на општината.

Стратешкиот документ се состои од два дела. Во првиот дел е опишан методолошкиот пристап односно методите кои се користеа при изработката на Стратешкиот план, како што се квалитативно и квантитативно истражување со сите засегнати чинители во општината. Во истиот дел се направи преглед на моменталната ситуација и опкружување во општината, анализа на бариерите и двигателите за локален економски развој (ЛЕР), како и SWOT анализа со која се одредија силни и слаби страни, предизвици и можности. Вака поставениот прв дел овозможи креирање на целите, приоритетите, мисијата и визијата на општината, која е разработена во вториот дел за стратешки цели на Стратешкиот план за локален економски развој, како и следење на реализацијата на Стратешкиот план. Покрај креирањето на Стратешкиот план, во овој дел е вклучен и Акцискиот план за 2023 – 2027 година со вклучени активности, индикатори за реализација, временска рамка, одговорни институции/сектори во општината или надвор од неа.

Процесот на планирање и понатаму треба да продолжи како редовна активност на општината под координација на Секторот за локален економски развој во рамките на локалната самоуправа и истиот да се усогласи со севкупното годишно планирање на општината и распределбата на буџетот за потребите на ЛЕР. Годишното планирање треба исто така да се заснова на претходни анализи направени во рамките на годишните извештаи за оствареноста на Акциските планови и да се прилагоди на евентуални нови потреби и промени во контекстот кои не постоеле во времето кога е правена стратешката рамка за ЛЕР.

## II. Методологија на стратешко планирање

Во изработката на Стратешкиот план се користеше сеопфатна методологија со интегриран пристап при дефинирањето на методите на истражување, нејзините фази, активности и целни групи. Методите на истражувањето се анализа на секундарни податоци, собирање на примарни податоци преку спроведено квалитативно и квантитативно истражување со сите засегнати страни за економскиот развој на општина Тетово.

Процесот на стратешкото планирање на локалниот развој се состоеше од шест фази. Овој Стратешки и Акциски план се ,,живи‘‘ документи, кои треба да се менуваат во согласност со околностите и тековните конкурентски предности на општината. Во осмислувањето на Стратешкиот план, локалниот економски развој во значителна мера ги вклучува и се основа на потребите за развој на заедницата, заштита на ранливите групи и социјалните потреби, заштита на животната средина и прилагодување.

Фази во подготовка на Стратешкиот план:

- Дефинирање на групи од интерес (чинители) кои учествуваа во процесот на подготовка на Стратешкиот план: членови од бизнис заедницата, граѓански организации, државни институции, претставници на локалната самоуправа и други. За имплементација на оваа активност се дефинираа четири целни групи од различни области и тоа: работодавачи, граѓански организации, советници во општина Тетово и вработени во општината.
- Подготовка на концептот и методологијата за подготовка на Стратешкиот план. Методологијата ги дефинираше фазите и постапките во процесот за изработка на Стратешкиот план. Исто така, ја предвидуваше и динамиката на активностите преку кои ќе се реализираат стратешките приоритети.
- Анализа на достапните стратешки и плански документи на локално и национално ниво, и истражување на групите од интерес со цел да се идентификуваат предизвиците, потребите, бариерите и двигателите за локален економски развој, стратешките цели и мерки. Анализата на бариерите и двигателите за локален економски развој се реализираше преку анкетен прашалник до вработените и советниците во општината, како и преку систематизирани интервјуа со работодавачите и граѓанските организации.
- Подготовка на краток преглед на состојбите и опкружувањето во општината. Проценката на локалната економија започна со прелиминарен преглед на постојните економски активности во рамките на една област врз основа на достапните квантитативни и квалитативни информации што ги истакнуваат постојните структури и трендови во развојот на бизнисот, , вработувањето, вештините и другите податоци што помогнаа да се идентификува стратешката насока за локалната економија. Собраните информации ја потенцираат потребата за специфични проекти и програми што ќе се прошират и ќе ја диверзифицираат локалната економија. Истражувањето

ги опфати информациите за следните сегменти: локација и демографија; деловни субјекти и (не)вработеност; патна инфраструктура, градежни работи и образование.

» Со цел да се идентификуваат клучните информации за локалната економија се подготви SWOT анализа за стратешките области. За детални информации за локалната економија се користеа различни методи и пристапи за разбирање на локалната економија, како што се (он-лајн) состаноци со чинителите на деловни активности и групи во заедницата, интервјуа и анкети.
» Врз основа на собраните и добиени информации од истражувањето и SWOT анализата, детално се разработи насоката во која ќе се движи економскиот развој на општината во периодот 2023 – 2027. Стратешкиот план ги содржи следниве компоненти: визија, мисија, цели, програми, проекти и акциски план. Акцискиот план ги содржи селектираните предлог проекти од заинтересираните страни.

# III. Преглед на состојбите и опкружување во општината Тетово

Во првата фаза од процесот на стратешко планирање се направи преглед на моменталната ситуација и опкружувањето на општина Тетово. Оваа фаза е важна за анализата на локалниот економски развој на општина Тетово и на нејзиното моментално окружување, пред сé, поради полесната идентификација на сите можности и закани/ризици коишто доаѓаат од надворешното окружување, како и да се утврдат силните и слаби страни на општината. Во продолжение е посебен преглед на секој од следните надворешни фактори: локација и демографија; деловни субјекти и (не)вработеност; патна инфраструктура и градежни работи и образование.

## Локација и демографија

Општина Тетово се наоѓа во северозападниот дел на Република Северна Македонија, протегајќи се од подножјето на Шар Планина и Балтепе (Медена тврдина), до бреговите на река Пена на Шар Планина, во централниот дел од Полошка Котлина. Денес, општината Тетово зафаќа простор од 261,89 км2, а заедно со новосоздадените општини произлезени од неа и кои и до ден денеска гравитираат кон неа, таа површина изнесува 1.080 км2, со надморска височина од 460-2747м. Геостратешка позиција на Тетово се карактеризира и со тоа дека се наоѓа на раскрсница на меѓународните прометни коридори, како што се: коридор 8 (поминува низ Тетово) и коридорот 10 (40км, во далечина од Тетово).

На југозапад, преку градот Гостивар и преку планинските клисури се поврзува со Кичево и градот Дебар. Преку регионалниот пат Тетово-Урошевац како рамнина, инаку само мал дел, главно стариот дел од градот е сместен во подножјето на Балтепе. Апсолутната надморска висина на градот е помеѓу 450-500метри. Тука се и соодветните врски со соседните региони, со Дервенска клисура и планинскиот регион од Групчин што се протега на југоисток преку кој Полог комуницира со Скопското поле и пошироко .

Тетово претставува една од петте најголемите општини (градови) по број на жители во Р.С.Македонија. Според пописот во 2021, спроведен од Државен завод за статистика (ДЗС) вкупно резидентно население во општина Тетово изнесува 84.770 од кои 41.663 мажи, а жени 43.107. Во однос на вкупното население (резидентно и нерезидентно) во општина Тетово има 104.504 жители од кои 52.541 се мажи и 51.963 се жени т.е 50.3% мажи 49.7% жени. Во табела број 1 поделно може да се видат статистиките во однос на жителите по етничка припадност согласно која Албанци претставуваат 75% од вкупното население.

Во прилог е табела во која се прикажани вкупниот број на попишани граѓани, вкупно резидентно население и вкупно нерезидентно неселение, на секој од нив има и поделба по пол на општина Тетово, како и за секој од нив поделени по етничка припадност.

Табела 1: Вкупно попишани, вкупно резидентно население и вкупно нерезидентно население, според етничката припадност и пол - Попис 2021

| Етничка припадност | Вкупно попишани | | | Вкупно резидентно население | | | Вкупно нерезидентно неселение | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| **Тетово** | 104 504 | 52 541 | 51 963 | 84 770 | 41 663 | 43 107 | 19 734 | 10 878 | 8 856 |
| **Македонци** | 16 323 | 7 943 | 8 380 | 15 529 | 7 513 | 8 016 | 794 | 430 | 364 |
| **Албанци** | 78 860 | 40 021 | 38 839 | 60 460 | 29 858 | 30 602 | 18 400 | 10 163 | 8 237 |
| **Турци** | 1 884 | 900 | 984 | 1 746 | 835 | 911 | 138 | 65 | 73 |
| **Роми** | 2 039 | 1 048 | 991 | 1 885 | 961 | 924 | 154 | 87 | 67 |
| **Власи** | 21 | 11 | 10 | 11 | 5 | 6 | 10 | 6 | 4 |
| **Срби** | 272 | 146 | 126 | 256 | 138 | 118 | 16 | 8 | 8 |
| **Бошњаци** | 214 | 94 | 120 | 189 | 82 | 107 | 25 | 12 | 13 |
| **Други неспомнати** | 416 | 200 | 216 | 303 | 142 | 161 | 113 | 58 | 55 |
| **Не се изјасниле** | 19 | 14 | 5 | 16 | 12 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| **Непознато** | 88 | 51 | 37 | 7 | 4 | 3 | 81 | 47 | 34 |

*Извор: Државен завод за статистика*

## Деловни субјекти и (не) вработеност

Во локалниот економскиот развој на Општина Тетово значајна улога имаат деловните субјекти и (не)вработеноста. Токму поради тоа се прави преглед на претпријатијата според нивната големина во текот на периодот 2021-2019 год.

Табела 2: Активни деловни субјекти по големина, состојба на 31 декември

| Големина на претпријатија | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Микро** | 2 731 | 2 707 | 2 864 |
| **Мали** | 994 | 951 | 879 |
| **Средни** | 34 | 36 | 32 |
| **Големи** | 13 | 13 | 15 |
| **Вкупно** | 3 772 | 3 707 | 3 790 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Според големината на активни претпријатија во општината за периодот 2021-2019 год., најмногу се застапени микро претпријатијата, а потоа малите претпријатија, додека пак средните и големи претпријатија се многу малку застапени. Општина Тетово во 2021год. има вкупно 3 772 активни претпријатија, во 2020 год. има вкупно 3 707 активни претпријатија и во 2019 год. има вкупно 3 790 активни претпријатија. Најголем број на вкупните активни претпријатија бил во 2019 год. со 3 790, кој во 2020 год. се намалил на 3 707 или 83 претпријатија се неактивни, но во 2021 год. повторно почнува да се зголемува вкупниот бројот на претпријатија кој изнесува 3 772 односно се активирале нови 65 претпријатија и има само 18 неактивни претпријатија во однос на 2019 год. Со оглед на појавата на пандемијата Ковид19  во 2019 год. и безбедносните здравствени мерки од страна на Владата, може да се каже дека влијаело врз намалување на бројот на активни претпријатија во 2020 год., а со намалувањето на рестриктивните мерки за заштита од пандемијата во 2021 год. повторно се зголемува бројот на активни претпријатија. Но, секако има и други фактори кои влијаат врз намалување или зголемување на активни претпријатија, а тоа може да се види во следната табела претставена по сектори на дејност според НКД Рев.2.

Табела 3 Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, состојба 31 декември

| Сектори по дејност | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 42 | 42 | 45 |
| Рударство и вадење на камен | 2 | 2 | 3 |
| Преработувачка индустрија | 436 | 420 | 452 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 9 | 9 | 11 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 6 | 5 | 6 |
| Градежништво | 357 | 333 | 331 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 1 300 | 1 308 | 1 345 |
| Транспорт и складирање | 113 | 112 | 119 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 323 | 336 | 333 |
| Информации и комуникации | 80 | 76 | 71 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 21 | 21 | 23 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 17 | 16 | 16 |
| Стручни, научни и технички дејности | 377 | 362 | 359 |
| Административни и помошни услужни дејности | 98 | 99 | 92 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 5 | 5 | 5 |
| Образование | 56 | 55 | 53 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 178 | 175 | 168 |
| Уметност, забава и рекреација | 65 | 72 | 76 |
| Други услужни дејности | 287 | 259 | 282 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Податоците од активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2 покажуваат дека зголемување на активни претпријатија во 2021 год. во однос на претходните две години има во секторите градежништво, информации и комуникации, дејности во врска со недвижен имот, стручни, научни и технички дејности, административни и помошни услужни дејности, образование, дејности на здравствена и социјална заштита и други услужни дејности. Но, значително се намалил во секторот за трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли со вкупно 45 претпријатија помалку во 2019 год. во однос на 2021год, потоа во секторот за транспорт и складирање и уметност, забава и рекреација, додека кај останатите има незначително намалување на активни претпријатија.

По прегледот и анализата на активни деловни субјекти по големина и според сектори на дејност во последните три години, во продолжение ќе се направи преглед на невработени лица со споредба на рурална и урбана средина во периодот од 2021-2019 год.

Табела 4: Регистрирани невработени лица со состојба на 31.10.2021, 31.10.2020, 31.10.2019 година

| | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Град | 7166 | 8676 | 5463 |
| Село | 9298 | 10725 | 7358 |
| Вкупно | 16464 | 19401 | 12821 |

*Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Според податоците на Агенцијата за вработување, вкупниот број на невработени лица, заклучно со 31 октомври во 2021 год. изнесува 16.464 лица. Може да се забележи дека

вкупниот број невработени лица до 31 октомври најмал е во 2019 год., а најголем во 2020 год., што во тој период и голем дел од вработените останувaа без работа поради економските последици кои ги предизвика пандемијата. Веќе следната година, 2021год., бележи опаѓање на вкупниот број невработени лица во однос на 2020 год., но сепак сеуште е повисока бројката во однос на 2019 год. Меѓутоа, овие бројки ги покажуваат само лицата кои се евидентирани во системот на Агенцијата за вработување-Центар за вработување Тетово, што значи дека има и еден дел кои не се пријавуваат и немаме достапни информации. Во однос на споредбата помеѓу град – село, разликата е голема, односно поголем е бројот на невработени лица од село во сите три години.

Понатаму, невработеноста на лицата од општина Тетово може да ги поделиме според степенот на образование и пол, а во кој може да се забележи дека вкупниот број на невработени лица е поголем кај машкиот пол во сите три години, но во 2019 и 2020 год. е многу поголема разликата.

Табела 5: Невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.10.2021 година

| Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образовани е | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 16464 | 8354 | 9682 | 5157 | 1035 | 266 | 4267 | 1922 | 86 | 33 | 1315 | 921 | 76 | 53 | 3 | 2 |

*Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Табела 6: Невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.10.2020 година

| Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образование | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 19401 | 9703 | 10798 | 5630 | 1226 | 305 | 5422 | 2445 | 109 | 47 | 1740 | 1207 | 102 | 67 | 4 | 2 |

*Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Табела 7: Невработени лица според школска подготовка со состојба на 31.10.2019 година

| Вкупно | | Без образование и со основно образование | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образование | | Више образовани е | | Високо образование | | Магистри на науки | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 12821 | 5902 | 7360 | 3514 | 989 | 202 | 3110 | 1260 | 88 | 38 | 1193 | 835 | 77 | 52 | 4 | 1 |

*Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Од податоците може да се види дека кризата од пандемијата КОВИД 19 имаше силно влијание врз бројот на регистрирани невработени лица со сите степени на образование.

Исто така треба да се има во предвид и отпочнување на имплементацијата на активната политика Гаранција за млади која имаше влијание на активација на младите лица.

## Патна инфраструктура и извршени градежни работи

Локалната патна инфраструктура на општината е прикажана на табелата по видот на патната мрежа за периодот 2021-2019 год.

Табела 8: Локална патна мрежа во километри, по години

| Локални патишта | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Асфалт и коцка | 188 | 188 | 184 |
| Макадам | 2 | 2 | 3 |
| Земјани | 48 | 48 | 47 |
| Непробиени | 10 | 10 | 10 |
| Вкупно | 248 | 248 | 244 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Патната мрежа на општината во однос на 2019 год. Бележи мал напредок во 2020 год., но не напредува во 2021 год., поточно вкупниот број на локални патишта во 2021 год. е ист со 2020 год. Најголемиот број од локалните патишта се со асфалт и коцка, односно 188 во 2021 год. и 48 земјени патишта во 2021, што укажуваат на зголемување на бројот во однос на 2019 год. Бројот на патишта кои се непробиени е 10 и е ист – непрометет во сите три години, а со макадам во 2021 и 2020 год. има вкупно 2, што е помалку во однос на 2019 год. кога имало вкупно 3.

Извршените градежни работи според видовите објекти по години за периодот 2021-2019 год., е претставен подолу во табелата каде што, вкупниот број на градежни работи бил најголем во 2019 год. и изнесува 1 260 936 денари, а во 2020 год. драстично се намалил на 401 259 денари, но во 2021 год., повторно се бележи значително зголемување и изнесува 1 231 120 денари.

Табела 9: Извршени градежни работи според видовите објекти, во илјади денари

| Вид на извршени градежни работи | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Станбени згради | 792 701 | 277 845 | 373 188 |
| Нестанбени згради | 252 225 | 31 957 | 321 036 |
| Транспортна инфраструктура | 0 | 0 | 11 146 |
| Цевоводи, водови и електрични водови | 0 | 633 | 215 659 |
| Комплексни конструкции во индустријата | 47 849 | 47 773 | 229 258 |
| Други објекти од нискоградбата | 0 | 0 | 4 047 |
| Реконструкција, санација, адаптација, големи поправки и редовно одржување на објектите | 138 345 | 42 904 | 95 755 |
| Градежни работи | 0 | 147 | 10 847 |
| Вкупно | 1 231 120 | 401 259 | 1 260 936 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Бројот на извршени градежни работи најмногу е зголемен кај станбените згради кои во 2019 год. биле вкупно 373 188, во 2020 год. малку се намалиле и вкупниот број изнесува 277 845, а веќе во 2021 год изнесува 792 701 со што двојно ја надминува 2019 год. Исто така, зголемен е и во делот за реконструкција, санација, адаптација, големи поправки и редовно одржување на објектите, така што во 2019 год. изнесува 95 755, во 2020 год. има намалува на 42 904, но веќе во 2021 год., достигнува до 138 345, што е и многу повеќе од 2019 год. Најголемо намалување според видот на извршени градежни работи има кај транспортната инфраструктура, која во 2019 год. изнесува 11 146, а во 2020/21 год. има 0, потоа кај цевоводи, водови и електрични водови, која во 2019 год. вкупниот број е 215 659, но во 2020 се намалува на 633, а веќе во 2021 год. е 0, кај други објекти од нискоградбата во 2019 год. изнесува 4 047, но во 2020/21 год. вкупниот број е 0, понатаму градежните работи кои во 2019 год. се со вкупен број од 10 847, кој во 2020 год. се намалува на 147, а веќе во 2021 год. има 0. Слична е состојбата и со комплексни конструкции во индустријата која во 2019 год. има вкупно 229 258 извршени градежни работи, но во 2020 год се намалува на 47 773, а во 2021 год. многу малку се зголемува и изнесува 47 849.

## Образование и градинки

Во општината има основни и средни училишта, како и универзитети. Основни училишта вкупно има 12, а наставата се одвива на албански, македонски, и турски јазик од прво до деветo одделение поради различната етничка припадност на учениците.

Табела 10: Основни училишта

| Училиште | Подрачно | Наставници | Администратори | Подрачно | Наставници | Администратори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **О.У. Беса** | 1 | 15 | 1 | 1 | 20 | 1 |
| **О.У. Перпарими** | 0 | 51 | 5 | 0 | 52 | 1 |
| **О.У. Реџеп Вока** | 0 | 35 | 3 | 1 | 24 | 1 |
| **О.У. Рилиндја** | 0 | 42 | 4 | 1 | 48 | 1 |
| **О.У. Скендербеу** | 3 | 69 | 6 | 1 | 70 | 3 |
| **О.У. Андреа Савевски-Ќиќиш** | 0 | 33 | 3 | 0 | 39 | 1 |
| **О.У. Кирил и Методиј** | 1 | 56 | 3 | 1 | 64 | 2 |
| **О.У. Наим Фрашери** | 0 | 85 | 6 | 0 | 95 | 3 |
| **О.У. Гоце Делчев** | 0 | 42 | 5 | 0 | 48 | 2 |
| **О.У. Истикбал** | 2 | 102 | 7 | 2 | 139 | 2 |
| **О.У. Лириа** | 0 | 64 | 4 | 0 | 69 | 1 |
| **О.У. Братство-Миѓени** | 1 | | | 1 | 139 | 1 |

*Извор: Административни податоци на Општина Тетово*

Табела 11: Ученици во редовни основни училишта според припадност кон етничка заедница

| Етничка припадност | 2022/2023 | 2021/2022 | 2020/2021 | 2019/2020 | 2018/2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | 1608 | 1751 | 1 513 | 1 557 | 1 566 |
| **Албанци** | 7515 | 7865 | 7 688 | 7 709 | 7 709 |
| **Турци** | 221 | 233 | 240 | 231 | 227 |
| **Роми** | 0 | 0 | 308 | 306 | 306 |
| **Бошњаци** | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 |
| **Други** | 0 | 0 | 5 | 7 | 8 |
| **Вкупно** | 9344 | 9849 | 9 760 | 9 812 | 9 817 |

*Извор: Административни податоци на Општина Тетово*

Најголемиот број на ученици во основно училиште се Албанци во сите три учебни години, а по нив се Македонците, Ромите и Турците. Вкупниот број на ученици во основните училиште за учебната година 2022/2023 е 9 344, за разлика од учебната 2018/2019 кога бил 9 817.

Во општината има вкупно 7 средни училишта од кои 2 се државни и 5 се под надлежност на општината, а наставата се одвива на албански, македонски и турски јазик

Табела 12: Средни училишта

| Средни училишта | |
|---|---|
| **С.У. Ѓоце Стојчевски** | Средно стручно општинско училиште |
| **Р.Ц.С.С.О.О Моша Пијаде** | Регионален центар за средно стручно образование и обука |
| **О.У. Никола Штејн** | Општинско средно медицинско училиште |
| **О.У. Кирил Пејчиновиќ** | Гимназија |
| **С.У. 8 Септември** | Средното Економско Училиште |
| **ОСУ Втора гимназија 7 Марси** | Гимназија |
| **ДМУ Тодор Скаловски – Тетоец** | Државното Музичко Училиште |

*Извор: Административни податоци на Општина Тетово*

Табела 13: Редовни средни училишта, ученици и наставници

| | 2022/2023 | 2021/2022 | 2020/2021 | 2019/2020 | 2018/2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Училишта** | 5 | 5 | 8 | 8 | 7 |
| **Ученици -вкупно** | 5804 | 5776 | 6 846 | 6 566 | 6 654 |
| **Ученици кои завршиле училиште-вкупно** | 1320 | 1219 | 1 830 | 1 733 | 1 894 |
| **Наставници-вкупно** | 532 | 518 | 771 | 825 | 806 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Вкупно ученици на крајот на учебната година 2022/2023 имало 5 804, а во учебната 2018/2019 вкупно се 6 654, што укажува на значително намалување на бројот на ученици. Истото може да се види и кај учениците кои го завршиле училиштето, 1 320 ученици во учебната година 2022/2023, додека во учебната 2018/2019 година 1 894 ученици, од што

каде што може да се заклучи има намалување на учениците. Вкупниот број на наставници во учебната 2022/2023 е 532, а во учебната 2018/2019 е 806.

Образовниот процес во општина Тетово може да се продолжи на два универзитети, во Универзитетот во Тетово (УТ) структуриран во 11 факултети, 35 програми за студии, 93 области на студии и 3 научно-истражувачки институции и во Универзитетот на Југоисточна Европа (УЈИЕ) со статус на јавно-приватен универзитет кој овозможува студирање на прв, втор и трет циклус, односно со 20 програми од првиот циклус и 25 програми од вториот циклус на студиите на 5 факултети.

Табела 14. Дипломирани студенти според степенот на студии

| | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Стручни студии** | 60 | 20 | 31 |
| **Академски универзитетски студии** | 610 | 496 | 525 |
| **Интегрирани студии** | 3 | 0 | 8 |
| **Вкупно** | 673 | 516 | 564 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Најголемиот број на дипломирани студенти има на академски универзитетски студии со вкупен број од 610 во 2021 год., а најмал број на дипломирани студенти има на интегрираните студии. Вкупниот број на дипломирани студенти во 2021 изнесува 673, во 2020год. изнесува 516 и во 2019 год. изнесува 564. Во однос на вкупниот број на дипломирани студенти може да се види дека во 2021 година има значително зголемување во однос на 2019 година.

Градинката ОЈУДГ "Младост"-Тетово во оптшина Тетово за програмската година 2022-2023 има капацитет за 731 деца во 13 објекти. Капацитетот за згрижување на деца и објектите во последните години се намалени, а потребата континуирано се зголемува и во 2022-2023 година има барања за згрижување на 1.124 деца. Јазот помеѓу потребата и можностите за згрижување на деца во градинка е голем и во 2022-2023 година има потреба за доплнителни 393 деца за кои нема капацитет во градинката.

Табела 15. Број на деца во градинките, капацитетот и објектите во школската година 2022-2023

| | Објекти | Капацитет | Број на деца |
|---|---|---|---|
| 1 | Тетекс 1 | 120 | 196 |
| 2 | Тетекс 2 | 90 | 142 |
| 3 | Стара градинка | 90 | 134 |
| 4 | Поток | 126 | 184 |
| 5 | Спортски Центар | 120 | 208 |
| 6 | О.У Кирил и Методиј | 25 | 60 |
| 7 | Бродец | 20 | 20 |
| 8 | О.У. Миѓени | 20 | 20 |
| 9 | Речица | 25 | 60 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | Шипковица | 25 | 13 |
| 11 | Џепчиште | 25 | 60 |
| **Севкупно** | | **731** | **1097** |

*Извор: административни податоци на општина Тетово*

## Економија и бруто додадена вредност во Полошкиот регион

Бруто додадената вредност во Полошкиот регион во изминатите 10 години е зголемена за 49% и е помало од растот на национално ниво кој изнесува 56%. Учеството на полошкиот регион во националната економија е намалено од 7.8% на 7.4% и истото пред се се должи на падот во учеството во секторот Земјоделство,шумарство и рибарство. Најголем раст во учеството има во секторот Уметност забава и рекреација и секторот Градежништво.

Табела 16. Бруто додадена вредност, по сектори на дејност, НКД Рев.2, по региони, по години, во милиони денари (по ЕСС 2010)

| | 2011 година | | | 2021 година | | | Тренд 2021 во однос на 2011 г. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Економски сектор | Р.С. Македонија | Полошки регион | Учество на полошкиот регион | Р.С. Македонија | Полошки регион | Учество на полошкиот регион | Раст на БДВ на Р.С. Македонија | Раст на БДВ на полошки регион | Промена во учеството во вкупниот БДВ |
| Вкупно | 399,376 | 31,021 | 7.8% | 622,858 | 46,083 | 7.4% | 56% | 49% | -0.4% |
| Земјоделство, шумарство; рибарство | 43,405 | 4,886 | 11.3% | 52,225 | 4,633 | 8.9% | 20% | -5% | -2.4% |
| Рударство и вадење на камен;преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија , гас, пареа и климатизација | 76,013 | 3,823 | 5.0% | 121,890 | 6,377 | 5.2% | 60% | 67% | 0.2% |
| Градежништво | 24,215 | 1,762 | 7.3% | 39,157 | 3,313 | 8.5% | 62% | 88% | 1.2% |
| Трговија на големо и мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли;Транспорт и складирање;Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 79,423 | 5,650 | 7.1% | 138,894 | 9,428 | 6.8% | 75% | 67% | -0.3% |
| Информации и комуникации | 15,942 | 102 | 0.6% | 31,249 | 467 | 1.5% | 96% | 358% | 0.9% |
| Финансисики дејности и дејности на осигурување | 11,327 | 142 | 1.3% | 21,978 | 234 | 1.1% | 94% | 65% | -0.2% |
| Дејности во врска со недвижен имот | 56,665 | 7,174 | 12.7% | 75,298 | 10,052 | 13.3% | 33% | 40% | 0.7% |
| Стручни , научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности | 14,371 | 720 | 5.0% | 28,459 | 1,408 | 4.9% | 98% | 96% | -0.1% |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита | 66,496 | 6,521 | 9.8% | 93,220 | 8,979 | 9.6% | 40% | 38% | -0.2% |
| Уметност, забава и рекреација, Дрги услужни дејности | 11,518 | 241 | 2.1% | 20,487 | 1,191 | 5.8% | 78% | 394% | 3.7% |

*Извор: Државен завод за статистика, Макстат датабаза*

Најголемо учество во структирата на бруто додадената вредност на Полошкиот регион во 2021 година има секторот Дејности во врска со недвижен имот (21.8%) по што следуваат секторот Трговија на големо и мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли;Транспорт и складирање;Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (20.5%) и секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита (19.5%). Во однос на трендовите на структурата во изминатите 10 години може да се забележи дека најголем раст има во Трговија на големо и мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли;Транспорт и

складирање;Објекти за сместување и сервисни дејности со храна со раст од 2.2 п.п, а најголем пад во секторот Земјоделство, шумарство; рибарство во износ од 5.7 п.п. Подетално структурата и трендовите може да се видат во Табела број 16.

Табела 17. Структура на Бруто додадена вредност, по сектори на дејност, НКД Рев.2, Полошки регион, по години, во милиони денари (по ЕСС 2010)

| | 2011 година | | 2021 година | | 2021-2011 г. |
|---|---|---|---|---|---|
| Економски сектор | Полошки регион | Учество во вкупниот | Полошки регион | Учество во вкупниот | Разлика во учеството / структурата |
| Вкупно | 31,021 | 100.0% | 46,083 | 100.0% | 0% |
| Земјоделство, шумарство; рибарство | 4,886 | 15.8% | 4,633 | 10.1% | -5.7% |
| Рударство и вадење на камен;преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија , гас, пареа и климатизација | 3,823 | 12.3% | 6,377 | 13.8% | 1.5% |
| Градежништво | 1,762 | 5.7% | 3,313 | 7.2% | 1.5% |
| Трговија на големо и мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли;Транспорт и складирање;Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 5,650 | 18.2% | 9,428 | 20.5% | 2.2% |
| Информации и комуникации | 102 | 0.3% | 467 | 1.0% | 0.7% |
| Финансисики дејности и дејности на осигурување | 142 | 0.5% | 234 | 0.5% | 0.1% |
| Дејности во врска со недвижен имот | 7,174 | 23.1% | 10,052 | 21.8% | -1.3% |
| Стручни , научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности | 720 | 2.3% | 1,408 | 3.1% | 0.7% |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита | 6,521 | 21.0% | 8,979 | 19.5% | -1.5% |
| Уметност, забава и рекреација, Дрги услужни дејности | 241 | 0.8% | 1,191 | 2.6% | 1.8% |

*Извор: Државен завод за статистика, Макстат датабаза*

## Јавен превоз

Јавниот превоз во општина Тетово се импленетира пред се од јавното претпријатие „Тетово Транспорт“ - Тетово кое е формирано од советот на општина Тетово во 2019 година. Моментално во општина Тетово има 3 линии во оптек кои исто така ги опфаќаат и периферните делови на градот Тетово, како што се деловите до с. Џепчиште и деловите до с. Голема Речица. Линиите покриваат околу 85% од територијата на општина Тетово. Јавниот превоз им овозможува на жителите да се движат низ Тетово по поволна цена и да стигнат до својата дестинација за пократко време. Исто така има влијание врз сообраќајот и животната средина.

Табела 18. Јавен превоз, автобуски линии, должина на линиите и просечен број на киломери на дневна основа во километри

| Линија | Должина на линијата во два правци во километри | Просечна број на километри на дневна основа |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | 8 | 88 |
| 1A | 8 | 88 |
| 2 | 14 | 140 |
| 2A | 14 | 140 |
| 3 | 10 | 120 |

*Извор: административни податоци на општина Тетово*

Бројот на патници кои го користат јавниот превоз континуирано се зголемува на месечно ниво и во 2022 година достигна до над 35.000 корисници на месечна основа, т.е околу 30% од жителите на општина Тетово го користатат јавнит превоз.

Графикон 1. Број на корисници на јавниот превоз на месечна основа за 2022 година




*Извор: административни податоци на ЈП Тетово Транспорт*

# IV. Анализа на предизвиците и двигателите за локален економски развој

Со цел креирање на една солидна основа за изработката на Стратешкиот план за локален економски развој на општина Тетово се спроведени вкупно 37 интервјуа со разни чинители и клучни информирани лица, претставници на локалната власт (општинска администрација, јавните комунални претпријатија и советот на општината), како и претставници на граѓанскиот сектор и бизнис заедницата кои се основани или активно ги извршуваат нивните дејности на територијата на општина Тетово. Субјектите или учесниците на овие интервјуа беа идентификувани и вклучени земајќи го предвид нивниот профил и области на делување, со цел да се овозможи што е можно повеќе целни групи или претставници од различни сектори и нивоа да имаат можност да дадат свои проценки и идеи за релевантните прашања и теми.

Спроведени беа вкупно 14 интервјуа со општински советници и претставници на општинската администрација – раководители на различни сектори и претпријатија основани од страна на општината, 18 интервјуа со претставници на приватниот сектор, кој се смета и за најголем носител на пазарната економија во државата, потоа 5 интервјуа со претставници на граѓанскиот сектор кои се основани или спроведуваат активности во територијата на општина Тетово. Исто така, дел од интервјуата беа спроведени со други клучни информирани лица или локални активисти во заедницата на нивно на општината.

## Наоди и препораки од анкетата со општинските советници

Како резултат на спроведените интервјуа произлегува дека најголем дел од испитаниците советници располагаат со информации околу тековните плановите или програмите на работа како и проекти кои се спроведуваат во рамките на општината, особено тие од комунална инфраструктура, заштита на животната средина, културата, образованието и тн.

Графикон 2. Предизвици во општина Тетово според општинските советници




Во овој дел како најголеми предизвици и потреби се идентификуваат прашања од областа на инфраструктура (патишта, водовод и канализација, паркинзи, површини и услови за спорт и рекреација, и сл.), потоа недостиг на генерален и детални урбанистички планови, обезбедување на јавниот ред и мир и безбедни услови на сообраќајот. Дополнително, се истакнува и потребата за поддршка на економските дејности на микро и мали претпријатија, како и занаетчиството.

Како клучни сегменти кои бараат итна интервенција и решение се исто така обезбедување на квалитетни услови за образование, како од аспект на инвестиции за подобрување на техничките услови, така и грижа за воспитно образовниот процес и грижа за децата и учениците во градинките и основните и средните училишта.

Управување со отпадот и одржување на хигиената во градот, грижата за лицата со попреченост, инвестиции во спорт, рекреација и култура, како и развој на туристичките потенцијали на општината, заштита и промоција на културното и историското наследство на градот, се дел од клучните области и полиња на интерес во кои во иднина се очекуваат повеќе инвестиции за развој.

Како најприоритетни фактори за развој на општината од аспект на локалниот и економскиот развој од страна на советниците се следните инфраструктура, квалитетот на општинските услуги, како и мерки и иницијативи за креирање на нови работни места и поддршка на претприемништвото.

Во врска со прашањето на дигитализација на процесите на работа и давање на услуги, поголем дел од советниците на општината сметаат дека тоа се многу потребни и корисни алатки за подобрување на достапноста и квалитетот на услугите за граѓаните на локално ниво. Веќе постојат неколку успешни примери кои е потребно понатаму да се развијат и

реплицираат. За таа цел општината треба во иднина да вложи значителни напори и средства за едукација, промоција и примена на разни ИКТ алатки. На тој начин работата на општинската администрација ќе се олесни и стане попродуктивна, ќе се намалат ризиците од бирократија, а најголем бенефит ќе имаат самите граѓани, вклучително и тие од дијаспората кои на дигитална или онлајн форма може да ги обезбедат клучните услуги, документи и информации од локалната власт.

Најголеми потреби и приоритетни области во кои се бараат реформи со примена на ИКТ алатки за дигитализација на процесите на работа и давање на локални услуги се тие од урбанизмот, (он-лајн) плаќање на локалните јавни давачки, надоместоци и локални такси, административни документи (барања, потврди, решенија и сл.), паркинг услуги, услуги од јавните комунални претпријатија и тн.

Општинските советници сметаат дека општинската администрација и советот на општината ја вршат транспарентно нивната работа и применуваат разни алатки за информирање и вклучување на граѓаните за нивната работа, преку редовни средби и посети на населените места. Во овој сегмент исто така има простор за подобрување и унапредување на процесите на информација, комуникација и вклучување на граѓаните, особено преку примена на дигитални средства и ИКТ технологија.

Соработката помеѓу локалните власти со граѓанскиот сектор и бизнис заедницата се оценува како добра и истата е потребно во иднина уште повеќе да се продлабочува. Општината согласно своите надлежности и можности дава поддршка на овие два сектори преку различни инструменти за инволвирање и поддршка.

Како клучни сектори со потенцијал за раст и развој на општината се сметаат економскиот развој (туризам, трговија, земјоделие, рурален развој), како и инфраструктура (патишта, водовод, канализација). Исто така заштитата на животната средина како и социјалната заштита се меѓу најприоритетните сфери на локалниот развој.

Како приоритетни мерки и проекти кои локалната власт треба да ги развие и спроведе во наредните 3-5 години се:

- поддршка на домашните и странските инвестиции, вклучително олеснителни политики и постапки, патна инфраструктура и создавање на бизнис инкубатори/акцелератори,
- унапредување на условите во образованието, како и системот и програмите за (дуално) образование во средните училишта,
- воведување и примена на еколошки мерки и стандарди (на пр. Еуро 6 возила во определени региони/населби во градот, унапредување на јавниот превоз, регулирање на прашањето на приватните превозници, и сл.,
- активности за поддршка на младите и младинското претприемништво како мерка за борба на одливот на мозок и работна сила во странство и  надвор од градот,
- посебни мерки за поддршка на руралните населени места на општината, и

» мерки и активности за енергетска ефикасност и користење на обновливи извори на енергија, како и приклучување кон процесот на гасификација на градот

## Наоди и препораки од анкетата со општинската администрација

Анкетата со членовите на општинската администрација опфати интервјуа со претставници и раководни лица од главните сектори како што се секторот за локален економски развој и промоција на туризмот, одделението за човечки ресурси, секретарот на општината, секторот за општи работи, ИКТ секторот, секторот за урбанизам, секторот за инспекциски надзор, како и јавното комунално претпријатие Градски паркинг Тетово, како дел од клучните чинители на локалната извршна власт.

Сите испитаници, претставници на општинската администрација потенцираат дека имаат редовна и активна соработка со голем број на институции од централната и локална власт, меѓународни организации и странски амбасади и претставништва, кои се најдиректно засегнати за прашањата и областите во кои што тие делуваат, како и за општиот развој на општината. Сите сектори и одделенија на општината имаат планови и/или програми за работа за активностите под надлежностите кои тие ги спроведуваат.

Претставниците на општинската администрација како клучни проблеми во делокругот на нивната работа како и спроведување на проектите/активностите кои се во нивна надлежност ги истакнуваат комуникацијата со надворешните чинители и засегнати страни, како и потребата од развивање на подетални планови за имплементација на проектите како и планови за комуникација.

Понатаму, како исклучително важна се посочува зајакнување и унапредување на соработката со клучните институции и организации, како на централно така и на локално ниво како алатка за остварување на заеднички цели за развој на општината.

Просторните услови, а воедно и ИТ инфраструктура и дигиталната/ИКТ опремата во општината е доста застарена, додека во дел од секторите се истакнува потребата за обука на службениците за извршување на нивните редовни задачи.

Сите сектори на општината се изјасниле дека известуваат за нивната работата, проекти и активности кои ги спроведуваат на ниво на внатрешната организација на единицата на локална самоуправа и тоа најчесто го прават преку писмени извештаи, информации и соопштенија, како и усно пред советот на општината, градоначалникот, колегиуми или координативни меѓу секторски состаноци, како и другите органи на ниво на општината. Информација или извештај за нивната работа општинската администрација врши на редовно ниво еднаш неделно, како и преку кварталните извештаи, додека по потреба или барање на засегнатите страни тоа може да се случи и почесто или на дневно ниво.

Во процесот на идентификување на проблеми и потенцијални решенија тие редовно ги консултираат клучните целни групи, партнерските институции, како и другите засегнати

страни и граѓаните. Тоа најчесто се извршува преку директни контакти и средби, инфо сесии и форуми, како и употреба на дел од достапните дигитални платформи или медиуми за информирање и комуникација.

Општинската администрација, односно посебните сектори кои извршуваат определени надлежности и задачи на ниво на локалната самоуправа редовно вршат идентификација и анализа на клучните проблеми, предизвици и потреби на жителите на општина Тетово.

## Наоди и препораки од анкетата со претставници од бизнис заедницата

Со цел да се добијат релевантни информации и предлози од перспективата на бизнис заедницата во општина Тетово се спроведе анкета со раководни лица и претставници на 20-тина претежно микро и мали претпријатија кои се со седиште или вршат одредени дејности во територијата на општина Тетово, и истите се активни во различни економски дејности и сектори.

Графикон 3. Предизвици во работење на деловните субјекти во општина Тетово




Бизнис секторот во општина Тетово се соочува со различни предизвици во секојдневното работење. Некои од најголемите актуелни предизвици за бизнис секторот се пред се недостатокот на работна сила воопшто, а особено недостиг на професионален и обучен кадар, слабата законска регулатива која исто така не се спроведува на вистински начин и соодветно ниво, сивата економија и нелојалната конкуренција, како и постоење на високо ниво на инфлација во економијата. Исто така, значителни предизвици за развојот на бизнисот и претприемништвото во општина Тетово се недостигот или слабата поддршка од страна на државата и локалната самоуправа, недоволниот или ограничен пазар за продажба на услуги/стоки, феноменот и практиките на корупција и слабиот пристап до финансии (стр. пр. заеми, капитални инвестиции итн.).

Мнозинството од испитаниците од бизнис секторот или 2/3 од нив во однос на квалитетот на општинските услуги што ги добиваат претприемачите во општина Тетово ги оцениле со позитивна оценка добро или многу добро, додека дел од нив (1/3) сметаат дека општинските услуги се незадоволителни или неквалитетни. Овие оценки се дадени за стандардните и општите услуги што ги дава општината, како што се обезбедување и одржување на инфраструктура, заштита на животната средина, паркинзи, услуги на јавни општински претпријатија итн.

Повеќето од интервјуираните компании сметаат дека трошоците за општинските услуги се прифатливи, во некои случаи и ниски, но од друга страна сметаат дека има простор и потреба да се обезбедат повеќе услуги и истите да се обезбедат на уште поквалитетен начин, преку едукација и професионализација на општинската администрација и зголемување на организацијата и ефикасноста во работата, намалување на бирократските процедури и подобрување на формите на комуникација со граѓаните и другите даночни обврзници.

Приватните компании сметаат дека повеќето општински услуги треба да се овозможат да се нудат дигитално или онлајн преку различни електронски и информатички технолошки алатки и платформи, особено услугите кои се поврзани со испорака и обработка на разновидна документација. Како услуги или области кои приоритетно треба да се дигитализираат се исто така начинот на информирање и комуникација на општинската администрација со деловните субјекти и граѓаните, потоа процедурите за аплицирање и доделување дозволи, заверки и други документи.

Понатаму, од особена важност е да се овозможи дигитализација на плаќање на даноци, локалните такси и други трошоци за општински услуги, дигитализација на плаќање на паркинг преку мобилни апликации со цел да се олесни плаќањето од вредноста што се плаќа за телекомуникациските услуги (смс и ДДВ), дигитализација на урбанизмот (на планови, карти и локации/приватни и јавни имоти итн.), ажурирање на катастарски подлоги, итн.

Посебно значење за бизнисите, но и за граѓаните е да се овозможат различни начини и платформи на дигитална комуникација и информации за реализација на барањата, пријавување на различни проблеми или создавање на експедитивна апликација, така што се овозможува во реално време и од местото на настанот граѓанинот или администрацијата директно да го пријави проблемот, било да е тоа во сообраќајот, водоснабдувањето, уличното осветлување итн., а оваа апликација ќе може да им помогне на сите одговорни лица во општинските сектори, да се информираат за истото како и за статусот на работи и интервенции на терен (со фотографии од пријавување на проблемот, со фотографии од решение/затворање на проблемите).

Вложувањето во создавање на вакви дигитални можности и алатки во голема мера ќе влијае на олеснување на процедурите за граѓаните, од друга страна ќе ја олесни и

направи поефикасна работата и работењето на општинската администрација, а директно ќе влијае и на зголемување на наплатата на даноците и локалните такси што директно ќе придонесе кон зголемувањето на општинските буџетски приходи.

Како сектори и активности од областа на локалниот економски развој кои имаат поголем потенцијал за развој и раст, од друга страна, каде што има поголеми предизвици и потреби во општина Тетово, се оценети физичката инфраструктура (патишта, водовод, канализација, електрична енергија, итн.), потоа економскиот развој (туризам, трговија, земјоделство, рурален развој), како и образование, спорт и рекреација. Исто така, како други значајни сектори и активности со развоен потенцијал се заштитата на животната средина, прилагодувањето кон климатските промени и управувањето со отпадот, потоа социјалната и детската заштита и родовата еднаквост, како и енергетската ефикасност.

Во однос на аспектот и ставовите на бизнис секторот за тоа кои се најприоритетните мерки и проекти кои локалната самоуправа треба да ги преземе за локалниот економски развој во наредниот период, се истакнуваат: економскиот развој во трговијата и земјоделството, инвестиции во подобрување на инфраструктурата и услови за развој на туризмот. Потоа подобрување на локалната инфраструктура (патишта, водовод, канализација), мерки за поддршка на локалните бизниси како и создавање на економски/индустриски зони, обезбедување јавен градски и меѓу општински превоз, социјална заштита и образование, управување со отпад, инвестиции за култура, спорт и рекреација итн .

Претставниците на бизнис секторот се изјаснија и за прашањето колку стручните и/или техничките училишта во општина Тетово одговараат на деловните потреби. Општата оценка во врска со ова прашање е дека во моментов состојбата со стручните училишта е многу тешка и тие се соочени со големи проблеми од различна природа, како од организациски, така и од програмски аспект. Затоа, неопходно е општината да преземе одредени итни мерки за подобрување на нивната состојба во однос на надлежностите што ги има, но и во соработка со надлежните институции на централно ниво.

Дополнително, тие нагласуваат дека во последните години во голема мера е намален интересот на учениците за техничките училишта и смерови, како и дека во многу случаи недостига соработката или таа е многу слаба меѓу самите технички/стручни училишта и бизнис секторот, што како сегмент е од витално значење за развојот на двете страни.

Од друга страна, се смета дека нема доволно локални организации и здруженија кои работат на поддршка на бизнис-секторот, додека и оние неколку што постојат не се доволно активни или не даваат суштинска поддршка, освен мали, еднократни и по симболични активности. Во оваа насока, бизнис секторот во општина Тетово очекува поголема поддршка од организациите и асоцијациите кои работат во областа на развој на претприемништво, особено од Стопанската комора на северозападна Македонија, како една од најголемите организации во државата која работи на полето на промоција и развој на деловната сфера.

Меѓу другото, претставниците на бизнис секторот, испитаници во спроведената анкета, изразуваат дека имаат волја и се подготвени поактивно да се вклучат од страна на општината во процесите на креирање на развојни политики во областа на локалниот економски развој и за таа цел потенцираат дека ова учество е важно и неопходно и општината мора да обезбеди соодветни услови и можности за нивно вклучување при составувањето на работните планови и програми, како и општинскиот буџет. Во оваа насока, бизнис секторот својата поддршка може да ја понуди со предлози и конкретни идеи, а особено во унапредување и развој на економските активности, образованието и стручното образование за училиштата и универзитетите итн.

## Наоди и препораки од анкетата со претставници од граѓанскиот сектор

Во рамките на анализата на општата состојба и добивањето конкретни информации и предлози во однос на локалниот економски развој, беа консултирани претставници од 5 од најголемите активни организации во општина Тетово кои работат во различни сфери со своите активности и проекти.

Графикон 4. Предизвици со кој се соочува граѓанскиот сектор и воопшто граѓаните во општина Тетово




Како области во кои граѓанскиот сектор и воопшто граѓаните во општина Тетово во моментов се соочуваат со најголеми предизвици се оценети нискиот животен стандард, лошата соработка со општината и јавните претпријатија и загадувањето на животната средина или не прилагодувањето на климатските промени. Како важни и предизвикувачки области на локално ниво се посочени недоволните средства за финансирање проекти/иницијативи, координацијата меѓу организациите и граѓанските иницијативи, како и слабата соработка со бизнис секторот и државните институции. Недостигот од доволно човечки ресурси и капацитети, како и корупциските практики во приватниот или јавниот сектор, се исто така меѓу најистакнатите постоечки предизвици на локално ниво.

Најголем дел од испитаниците од граѓанскиот сектор во однос на прашањето за квалитетот на општинските услуги за граѓаните дале добра позитивна оценка, а меѓу другото потенцираат дека општината треба повеќе да се ангажира во развојот на рекреативните и туристичките места на територијата на општината.

Повеќето од интервјуираните организации сметаат дека трошоците за општинските услуги се прифатливи, во некои случаи и ниски, но треба да има и поголема посветеност за поголема реализација или наплата на локалните јавните давачки и такси, како основен дел од буџетски приходи.

Организациите од граѓанскиот сектор сметаат дека дигитализацијата на услугите што ги обезбедуваат локалните власти е процес од особено значење и во принцип повеќето од локалните услуги треба да им се обезбедат на граѓаните во дигитална или онлајн форма преку различни електронски/информатички технолошки алатки и платформи. Особено услугите поврзани со обезбедувањето и обработката на разновидна документација. Како услуги или области кои треба да се дигитализираат како приоритет се и процесите на информирање и комуникација на општинската администрација со граѓаните, потоа процедурите за аплицирање и доделување дозволи, потврди и други документи, како и овозможување на дигитализација на плаќањето на даноци, такси и други трошоци за општински услуги.

Соработката помеѓу граѓанскиот сектор и локалните власти генерално се смета дека е на добро ниво. Повеќето организации од граѓанскиот сектор ги очекуваат иницијативите за координација и соработка со општината, особено во некои од најактуелните области и проекти како што се примена на иновациите и информатичката технологија, развојот на младинското претприемништво и создавањето акцелератори за развој на бизнисот, образованието и образованието на студентите. особено за технички и стручни знаења и вештини.

Од друга страна, невладините организации оценуваат дека соработката меѓу граѓанскиот и приватниот сектор / бизнис заедницата не е на добро ниво и во иднина е неопходно да се создадат постабилни врски за комуникација и соработка, бидејќи тоа е од особено значење.

Како клучни сектори со потенцијал за раст и развој на општина Тетово се сметаат: заштита на животната средина, адаптација кон климатските промени и управување со отпад, образование, спорт и рекреација, потоа економски развој (туризам, трговија, земјоделство, рурален развој), физичка инфраструктура (патишта, водовод, електрична енергија, општински итн.). Додека социјалната и детската заштита и родовата еднаквост, како и енергетската и енергетската ефикасност, исто така се сметаат како други важни активности со развоен потенцијал за општина Тетово.

Во однос на прашањето кои се најприоритетните мерки и проекти кои локалната самоуправа треба да ги преземе за локалниот економски развој во наредниот период, беа

истакнати: образованието во стручните и техничките училишта и образованието преку најиновативни методи и наставни програми, развој на рурален туризам и заштита на животната средина, справување со проблемите со кучињата скитници, како и нови инвестиции во подобрување на физичката инфраструктура на целата територија на општината.

## V. СВОТ анализа

СВОТ анализа се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и заканите, вклучени во локалниот економски развој. Анализата ја вклучува одредување на целта на развојот и ги идентификува внатрешните или надворешни фактори, поволни или неповолни, за да се постигне целта. СВОТ анализата го вклучува урбанизам и просторно планирање, инфраструктура, економија, земјоделство и рурален развој, развој на туризам, евроинтеграции и искористување на ЕУ фондовите, човечки ресурси, и заштита на животна средина.

| | ***СИЛНИ СТРАНИ (ПРЕДНОСТИ)*** | ***СЛАБИ СТРАНИ (НЕДОСТАТОЦИ)*** |
|---|---|---|
| **ИНФРАСТРУКТУРА – ТРАНСПОРТНА, КОМУНАЛНА И ЕНЕРГЕТСКА** | » Одлична патна поврзаност преку Коридор 8<br>» Релативно добра патна мрежа<br>» Енергетската мрежа има добра поврзаност<br>» Скопскиот аеродром е во релативна близина | » Слаба канализациона мрежа во руралните средини<br>» Капацитетот на селските водоводи за приклучување на индустриски капацитети е ограничен<br>» Потребна е реконструкција на локалните асфалтни патишта<br>» Комуникациите не се одржуваат на високо ниво<br>» Дел од улиците немаат доволен капацитет да ги акумулираат атмосферските води<br>» Локалните водоводи се со слаб капацитет<br>» Водоводот и канализацијата во руралните средини е недоволно изграден<br>» Постојат диви депонии<br>» Недостаток на колектори<br>» Непостоење на систем за развој на обновливи извори на енергија<br>» Нема рециклирање на отпадот за производство на енергија<br>» Патиштата и улиците немаат доволна сигнализација<br>» Сообраќајната и транспортната инфраструктура не е доволно развиена |
| **ЕКОНОМИЈА – МСП, ИНДУСТРИЈА, ИНОВАЦИИ** | » Активни деловни субјекти има во голем број<br>» Добра географска местоположба на општината за регионална и меѓународна поврзаност | » Континуирана миграција на населението<br>» Работната сила не е усогласена со пазарните потреби<br>» Неорганизираност за настап на странски пазари<br>» Низок економски развој |

| | | |
|---|---|---|
| | » Потенцијали за развој на технолошко индустриската развојна зона Тетово | » Институциите недоволно го поддржуваат приватниот сектор<br>» Сивата економија е голема<br>» Непостоење на развоен план за поддршка и развој на МСП<br>» Висока стапка на невработеност<br>» Ниско продуктивни работни места |
| **ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ** | » Поволна клима за развој на земјоделски, индустриски култури<br>» Обработливо земјоделско земјиште<br>» Земјоделието и сточарството имаат традиција | » Земјоделските имоти не се евидентирани<br>» Задругарскиот систем е неразвиен<br>» Постоење на голем број мали парцели<br>» Системот за заштита од град е неразвиен<br>» Не постојат доволно наводнувачки мини акумулации<br>» Не постои регионален откупен центар<br>» Недоволни преработувачки капацитети за земјоделски производи<br>» Недостаток на квалитетни стратешки документи и студии |
| **РАЗВОЈ НА ТУРИЗАМ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО** | » Постојат атрактивни туристички локации за развој на зимскиот туризам, ловниот, руралниот и спортско–рекреативниот туризам<br>» Голем број од атрактивностите и патеките се обележани<br>» Висока транзитност и близина на регионален пат<br>» Добри потенцијали од активни манифестации<br>» Сместувачки и угостителски капацитети<br>» Угостителската понуда е разновидна<br>» Минималните материјални и технички услови се задоволени<br>» Алтернативните форми на туризам имаат солидна база за нивен развој<br>» Пристапност на туристи од Албанија, Косово и Србија<br>» Близина на меѓународениот аеродром „Александар Велики"<br>» Транзитност по Коридорот 8 | » Не се реализирани голем број на инфо точки<br>» Недоволна застапеност на транзитни тури<br>» Културното наследство се користи малку при туристичките посети<br>» Засегнатите страни не се заинтересирани за инвестирање во културниот туризам<br>» Манифестациите и бизнисите се слабо поврзани<br>» Не постои промоција на селективни видови на туризам<br>» Агро-туризмот не е интересен за земјоделците<br>» Недостигаат лиценцирани туристички водичи<br>» Туристичките производи не се дефинирани<br>» Не постои бесплатен интернет во туристички локалитети<br>» Слабо управување со дестинациите<br>» Недоволно стручен кадар за туристички менаџмент |

| | | |
|---|---|---|
| | | » Туристичката понуда ја нема на мобилни апликации<br>» Отежнат пристап до туристички објекти<br>» Туристичките производи се неинвентивни<br>» Природните вредности се недоволно афирмирани<br>» Не постојат уредени платоа за презентирање на атрактивностите |
| **ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЕУ ФОНДОВИТЕ – ОТВОРЕНИ И ПРЕДПРИСТАПНИ ПРОГРАМИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ** | » Соработка со интернационални институции и донатори<br>» Помош и поддршка за подготовка на проектни апликации за расположливите европски фондови (ИПАРД) и поддршка при изработка на документацијата во надлежност на општинската администрација | » Слаб капацитет за управување со претпристапни фондови од ЕУ<br>» Фондовите се распределени нерамномерно<br>» Недостаток на финансиски средства за учество во проекти<br>» Немање искуство во реализација на национални и интернационални проекти<br>» За покрупни проекти нема доволно техничка документација |
| **ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПАЗАР НА ТРУД** | » Развиена образовна инфраструктура со основни, средни стручни училишта (вклучувајќи регионален центар) и високообразовни институции (државни и приватни)<br>» Постои центар за доквалификација и преквалификација<br>» Постојат активни бизнис старт-ап центри<br>» Постои индустриска зона | » Нема стимулација на соработка<br>» Слаб процент на квалификувана работна сила<br>» Не постојат активни проекти за задржување на младите во регионот<br>» Недостиг и одлив на здравствен кадар<br>» Свеста во однос на социјално исклучените лица е ниска<br>» Институциите се недоволно опремени<br>» Недостаток на регионални служби<br>» Координацијата меѓу централната и локалната власт не е несоодветна<br>» Слаб развој на е-услуги од општината<br>» Недостигаат културно-забавни содржини<br>» Свеста за развивање на социјално претприемништво е ниска |
| ***ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА*** | » Добра географска положба<br>» Расположливи површини за фотоволтаици<br>» Изработени студии за рециклирање | » Висок степен на загадување на воздухот во урбаната средина<br>» Нема изработени студии за рециклирање |

| | | |
|---|---|---|
| | » Природни богатства и биодиверзитет<br>» Климатски услови<br>» Водни богатства | » Населението и фирмите се недоволно едуцирани за заштитата на природата<br>» Постоење на диви депонии<br>» Цврстиот отпад не се депонира соодветно<br>» Нема систем за собирање и рециклирање на отпад<br>» Капацитетите за одведување и пречистување на отпадните води се недоволни<br>» Постоечката инфраструктура за одведување на атмосферските води е делумно функционална<br>» Не постојат доволно пречистителни станици<br>» Индустриските капацитети немаат доволно филтри за прочистување на воздухот<br>» Воздухот е загаден<br>» Средината е загадена со фекалии и пестициди<br>» За греење се користат фосилни горива<br>» Не постои централен систем за греење<br>» Системот за прифаќање на незагадувачки грејни тела е неразвиен<br>» Капацитетот за управување со општината е недоволен |

| | ***МОЖНОСТИ*** | ***ЗАКАНИ*** |
|---|---|---|
| **ИНФРАСТРУКТУРА – ТРАНСПОРТНА, КОМУНАЛНА И ЕНЕРГЕТСКА** | » Можност за подобро вклучување во системот меѓународен транспорт | » Недоволно финансии за одржување на локалните патишта<br>» Недостаток на средства за подобрување на инфраструктурата |
| **ЕКОНОМИЈА – МСП, ИНДУСТРИЈА, ИНОВАЦИИ** | » Развој на претприемнички иницијативи и МСП<br>» Промоција на индустриската зони за привлекување инвестиции<br>» Формирање на бизнис стартапи и инкубатори | » Високостручниот кадар си заминува<br>» Инвестициите се намалуваа заради Ковид кризата<br>» Административните процедури се спорни и обемни |

| | | |
|---|---|---|
| | » Воведување на циркуларна економија<br>» Расположливи фондови за развој на економијата и комуналната инфраструктура<br>» Искористување на можностите за иновации и технолошки развој<br>» Искористување на можностите за субвенционирање за капитални инвестиции | |
| **ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ** | » Големи потенцијали развој на земјоделието<br>» Побарувачката на храна постојано се зголемува а со тоа и цените | » Климатските промени влијаат негативно<br>» Субвенциите се исплаќаат со задоцнување<br>» Откупните цени се ниски |
| **РАЗВОЈ НА ТУРИЗАМ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО** | » Можности за развој на рурален туризам<br>» Интерес за активен, рекреативен и спортски туризам<br>» Интерес за здравствен и верски туризам<br>» Зголемен интерес за вински и гастрономски туризам<br>» Интегрирање во меѓународни кружни тури<br>» Вклучување на стопанските капацитети во туристичката понуда<br>» Инвестирање во капитални објекти во културата<br>» Развивање тематски патеки со културното наследство<br>» Развој на културен туризам преку домашни и меѓународни фондови<br>» Претпристапни фондови од ЕУ (ИПАРД)<br>» Подобрување на капацитетите преку меѓународни искуства<br>» Локалните настани привлекуваат повеќе луѓе<br>» Стандардизирање на патната сигнализација и обележувањето на атрактивностите | » Околината на споменициите е подложна на деградација<br>» Нелегално ископување и трговија со туристичкото наследство<br>» Не постојат доволно средства за конзервација на културното наследство<br>» Старите занаети исчезнуваат<br>» Нестабилност во економијата и политиката<br>» Проблеми со аплицирање и користење на финансии за рурален туризам и угостителство<br>» Бавно адаптирање кон меѓународните угостителски стандарди<br>» Развојот на еко-туризмот има високи стандарди<br>» Влијание на климатските промени<br>» Влијание на пандемијата од Ковид 19<br>» Транспортот и мобилноста се намалуваат<br>» Рестрикции во работењето на субјектите |
| **ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЕУ ФОНДОВИТЕ** | » Можност за искористување на меѓународни средства од пристапни фондови на ЕУ | » Проблеми со аплицирање и користење на финансии |

| | | |
|---|---|---|
| **– ОТВОРЕНИ И ПРЕДПРИСТАПНИ ПРОГРАМИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ** | » Постоење на програми за претприемништво и самовработување<br>» Расположливи фондови и повици за развој на енергетската ефикасност<br>» Аплицирање на крос-бордер проекти<br>» Користење на фондови за развој и претпристапни фондови<br>» Постоење на план за гасификација на | » Неспремност на општината за аплицирање и реализација на проекти финансирани од надвор<br>» Административни пречки |
| **ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ПАЗАР НА ТРУД** | » Програми за претприемништво и самовработување<br>» Креирање нови работни места со проширување на производствените капацитети<br>» Работа од далечина<br>» Глобална поддршка на социјални претприемачи<br>» Невладиниот сектор учествува во голем број на проекти<br>» Програми на АВРСМ и Агенција за млади и спорт<br>» Глобална дигитализација | » Младите образовани кади се барани вон државата<br>» Тренд на барање работа во странство<br>» Несоодветна квалификација на работната сила |
| **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА** | » Воведување на системи SMART City<br>» Искористување на можностите на фондовите за екологија | » Животната средина постојано се загадува<br>» Влијание на климатските промени<br>» Штети од природни непогоди |

# VI. Стратешки цели на Стратешкиот план за локален економски развој на општина Тетово

## Визија на општината

Општина Тетово е атрактивен простор за инвестиции со изградена инфраструктура, еколошки чиста средина, која ги користи своите потенцијали, со зголемен број на бизниси преку партнерство со приватниот сектор. Тетово е привлечна дестинација за работа и живеење, со комплетна физичка инфраструктура и чиста природна средина, како и регионална туристичка дестинација.

## Мисија на Општината

Тетово како Општина со голем број на високопродуктивни работни места и природна и еколошки чиста средина, се залага за обезбедување позабрзан и рамномерен социоекономски развој и подобрување на квалитетот на живеењето на локалното население преку ефикасни и ефективни услуги за граѓаните, приватниот сектор и граѓанските организации.

## Стратегиски цели

Согласно со презентираните карактеристики на општина Тетово може да се заклучи дека станува збор за ефикасна и дигитализирана општина која што располага со основни појдовни ресурси за понатамошен развој инфраструктурата, деловното окружување, животната средина и човечките ресурси.

*Стратешка цел 1. Унапредување на просторно планирање, инфраструктура, заштита на животната средина и природата и прилагодување кон климатските промени.*

Со внимателно планирање на користењето на просторот и ресурсите, локалните власти ќе се насочат кон привлекување на бизниси и инвеститори, за да се создадат можности за вработување и да го подобрат квалитетот на животот на жителите. Инфраструктурата, како што се патиштата се од суштинско значење за бизнисите да транспортираат стоки и услуги и да се привлечат инвеститори. Исто така и жителите ќе имаат големи бенифити од унапредувањето на просторно планирање и инфраструктурата.

Заштитата на животната средина и природата ги штити природните ресурси и го подобрува квалитетот на животот на жителите, истовремено создавајќи можности за еко-туризам и одржливи деловни практики.  Адаптацијата кон климатските промени е неопходна за да се ублажат влијанијата и да се обезбеди долгорочна одржливост на локалната економија.

Со приоретизирање на оваа стратешка цели локалните власти можат да создадат поодржлива, поотпорна и попросперитетна економија од која имаат корист и жителите и бизнисите.

*Стратешка цел 2. Унапредување на економскиот развој, туризмот и земјоделието.*

Стратешката цел има значително влијание врз локалната економија, со потенцијал да генерираат можности за вработување, да го поттикнат извозот и да ги зголемат локалните приходи. Земјоделството и туризмот често се испреплетени, при што туризмот обезбедува важен пазар за локалните земјоделски производи и создава можности за агро-туризам. Развојот на овие сектори може да доведе до зголемени инвестиции и раст на бизнисот, што може да помогне во диверзификација на локалната економија и зголемување на нејзината отпорност на надворешни шокови. Промовирањето на економскиот развој, туризмот и земјоделството може да помогне во справувањето со социјалните и еколошките предизвици во локалната заедница. Истото, може да придонесе за зачувување на животната средина и да ги ублажи ефектите од климатските промени. Промовирањето на туризмот може да помогне да се зачува локалното културно наследство и да се поддржат туристичките иницијативи засновани на заедницата.

Генерално, промоцијата на економскиот развој, туризмот и земјоделството е стратешка цел во стратегијата за локалниот економски развој поради значајните економски, социјални и еколошки придобивки што може да ги донесе на локалната заедница.

*Стратешка цел 3. Поддршка и развој на образованието, културата и спортот.*

Инвестирањето во образованието ги подобрува вештините и знаењето на локалната работна сила ја прави попродуктивна и поспособна да ги задоволи потребите на локалните бизниси. Ова, пак, привлекува повеќе бизниси во областа, генерирајќи повеќе работни места и економски раст.

Културата и уметноста се суштински дел од една просперитетна заедница влијаејќи врз привлекувањето на туристите. Ова, пак, може да доведе до зголемена економска активност, бидејќи посетителите трошат пари на локални стоки и услуги.

Спортските и рекреативните активности промовираат физичка и ментална благосостојба, поттикнувајќи здрава и активна заедница. Ова може да ги намали трошоците за здравствена заштита, да ја зголеми продуктивноста и да го стимулира економскиот раст со привлекување спортски настани и турнири.

*Стратешка цел 4. Унапредување на социјалниот развој и инклузија на ранливи категории.*

Економскиот развој не може да се смета за одржлив ако не е од корист за сите членови на заедницата, вклучувајќи ги и оние кои се ранливи или маргинализирани. Инклузивен економски развој може да помогне да се намали сиромаштијата и нееднаквоста, да се подобри пристапот до образование и здравствена заштита и да се зајакне социјалната кохезија. Вклучувањето на ранливите категории може да помогне да се искористи потенцијалот на недоволно искористените таленти и ресурси, а со тоа да придонесе за зголемен економски раст и иновации. Со создавање можности за сите членови на заедницата, локалните економии можат да имаат корист од поразновидна и квалификувана работна сила, зголемена побарувачка на потрошувачите и нови деловни можности.

Социјалниот развој и вклучувањето на ранливите категории може да помогне да се решат структурните бариери кои го ограничуваат пристапот до економските можности за одредени групи.

Генерално, унапредувањето на социјалниот развој и вклучувањето на ранливите категории е стратешка цел во стратегијата за локалниот економски развој, бидејќи ја препознава важноста од создавање инклузивна и одржлива локална економија која е од корист за сите во заедницата.

*Стратешка цел 5. Паметни и иновативни решенија.*

Паметни и иновативни решенија е стратешка цел во стратегијата за локалниот економски развој бидејќи се препознава важноста да се остане конкурентен во брзо менување на глобалната економија. Паметните и иновативни решенија можат да помогнат во справувањето со социјалните и еколошките предизвици во локалната заедница. Ова може да вклучи развој на нови решенија за обновливи извори на енергија, создавање паметни транспортни системи или употреба на технологија за подобрување на пристапот до образованието и здравствената заштита.

## VII. Следење на реализацијата на Стратешкиот план за локален економски развој

Следењето на остварувањето на Стратешкиот план ќе се спроведува како на ниво на остварување на зацртаните активности и резултати така и на ниво на успешноста на Стратешкиот план во смисла на остварeноста на стратешките цели.

